# ЕЦМП СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА
## Скопје 5ти декември 2003

### Трета Годишнина од "ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија" и втора годишнина од "ЕЦМП Регионалните НВО центри"

*(Скопје, Петок 5ти декември 2003)*

Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП) лоциран во Фленсбург, Германија со задоволство го објавува успешното завршување на третата година од **"ЕЦМП-НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија"** и втората година од **"ЕЦМП Регионалните НВО центри"** во среда на 10ти декември од 17:00-19:00 часот во хотел Холидеј Ин (ул. Васил Агиларски бр.2 , Скопје).
Овој настан ќе биде проследен со коктел.

Проектот **ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија** започна да се имплементира во декември 2000 година, како дел од серијата на нови иницијативи на ЕЦМП во југоисточна Европа. Иницирана од членките, НВО Мрежата има за цел подобрување на соработката меѓу НВО членките со цел идентификација на заедничка основа за работа кон подобрување на меѓуетничкиот дијалог во Република Македонија. Кон оваа цел води и зајакнувањето на капацитетот на теренските НВО за генерирање на заеднички проекти преку помошта и експертизата од страна на Тимот на ЕЦМП. Активностите на 70те НВО членки, кои ги претставуваат и помалите етнички заедници во Република Македонија, видно допринесоа кон подобрување на животот на сите граѓани во општините во кои делуваат.

**Меморандумат за Соработка** кој е основата на ЕЦМП НВО Мрежата е создаден од самите членки како документ во кој се утврдени критериумите за пристапување кон Мрежата као и принципите и правилата на кој е заоснована Мрежата. Овдека сепак мора да се потенцира постојаното амандманско надополнување на Меморандумот за Соработка со цел овај документ да ги следи растечките потреби на членките. Претседателот на **Координативното Тело,** составено од 13 претставници кој ја рефлектираат етничката и територијалната композиција на Мрежата, ќе ги претстави активностите и иницијативите кои се превземени во текот на 2003 година.

**ЕЦМП Регионалните НВО центри** се формирани во 2002 као неутрално место каде членките на Мрежата развиваат и координираат заеднички проекти за унапредување на дијалогот и почитување на разликите меѓу различните ентитети во Република Македонија. Регионалните НВО центри во Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Битола и Штип се и неутрално место за состаноци со локалната власт, бизнис секторот, медиумите и донаторите. На Прес Конференцијата ќе се обратат и претставниците на Регионалните НВО Центри за активностите и предизвиците со кои се соочуваат.

ЕЦМП Проектот во Македонија е овозможен благодарение на несебичната подршка на:

British Embassy Skopje    Royal Danish Ministry of Foreign Affairs    The Royal Norwegian Foreign Ministry    Sida

Проектот стана возможен благодарение на поддршката  од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Данска (ФРЕСТА – Секретарјат за мир и стабилност), Британската Амбасада во Скопје, Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка и СИДА (Шведска Megjunarodna Агенција за Развој и Соработка).

За повеќе информации, ве молиме посетете ја веб страна на ЕЦМП-НВО Мрежата на www.ecmingonet.org.mk или контактирајте со Сунур Верма, ЕЦМП Регионален претставник во Скопје (ЕЦМП Регионална канцеларија Скопје, Мајка Тереза 13а, тел. + 389 (0)2 3215 637; 3215 638. Факс: + 389 (0)2 3215 639. За повеќе информации за ЕЦМП посетете ја веб страната www.ecmi.de.

ЕЦМП Проектот во Македонија е овозможен благодарение на несебичната подршка на:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

The Royal Norwegian Foreign Ministry

Sida